Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа



ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

# ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ШТО Е ДИСКРИМИНАЦИЈА?

Дискриминација е **секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа**, со сторување или несторување, што имаат за **цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други**.

Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

## КАКО ДА ЗНАМ ДЕКА СУМ ДИСКРИМИНИРАН?

Доколку почувствуваш дека добиваш различен третман од другите поради твојата боја на кожа, национална припадност, род, пол, религија... **имаш право да се сомневаш дека трпиш дискриминација**.

Доколку не можеш да тврдиш со сигурност, или сакаш да добиеш повеќе информации, те охрабруваме да се обратиш кај давателите на бесплатна правна помош и граѓанските орга`низации кои работат на заштита од дискриминација.

## ШТО ДОКОЛКУ СУМ ДИСКРИМИНИРАН ПО ОСНОВ ШТО НЕ Е НАВЕДЕН ВО ЗАКОНОТ?

Во овој момент, нашиот закон како основи за дискриминација ги наведува: дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.



Доколку основот по кој ти трпиш дискриминација не е опфатен со дефиницијата, зашитата од дискриминација ја бараме по последниот збор од дефиницијата- „било која друга основа“. Ова е доволно за Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да го разгледа твојот случај.

## КАДЕ МОЖАМ ДА ПРИЈАВАМ ДИСКРИМИНАЦИЈА?

Можеш да поднесеш претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, која е посебно тело формирано за заштита од дискриминација и унапредување на еднаквоста, човековите права и недискриминацијата.





## ДАЛИ МОРАМ ДА ДОКАЖАМ ДЕКА ТРПАМ ДИСКРИМИНАЦИЈА?

**Не.** Од тебе се бара **само да дадеш информации и докази дека навистина дејството во кое си претрпел дискриминација се случило**.

Доколку дадеш доволно такви податоци, Комисијата нема да бара од тебе да ја докажеш дискриминацијата, туку ќе го повика лицето (или лицата) за кое тврдиш дека дискриминирало, да докаже дека немало дискриминација.

## ДАЛИ НЕКОЈ МОЖЕ ДА МИ ПОМОГНЕ ДА ПРИЈАВАМ ДИСКРИМИНАЦИЈА?

Здруженијата регистрирани за бесплатна правна помош имаат овластувања да ти помогнат при составување на претставка до Комисијата. Контактите на овие здруженија ќе ги најдеш на

**https://www.pravda.gov.mk/bpp**

## ДАЛИ МОРАМ ЛИЧНО ДА СЕ ПРЕТСТАВАМ ЗА ДА ПРИЈАВАМ ДИСКРИМИНАЦИЈА?



Доколку дискриминацијата која ја трпиш е проблем за целата група на која припаѓаш, а не е врзана лично за тебе, тогаш наместо тебе постапката можат да ја преземат граѓански организации кои имаат оправдан интерес за заштита на интересите на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита од дискриминација.

Тогаш постапката ќе биде поведена од нивно име, а твоето име ќе остане заштитено.

## ДАЛИ ПОСТАПКАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА Е СКАПА?

Постапката пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е бесплатна.

Во судската постапка, лицето кое ќе поведе спор за заштита од дискриминација е ослободено од судските такси. Лицето не е ослободено од адвокатските трошоци во случај да го изгуби спорот.

## КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ОБРАТАМ ЗА ДА ДОБИЈАМ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

- ✔ Здруженија и правни клиники кои се овластени за давање на бесплатна правна помош
- ✔ Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош
- ✔ Во подрачните одделенија на Министерството за правда:

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Берово | 071 205 324 |
| Битола | 071 223 392 |
| Македонски Брод | 071 223 075; 078 640 786 |
| Виница | 071 213 964 |
| Валандово | 071 213 925 |
| Гевгелија | 071 224 678; 071 216 267 |
| Гостивар | 071 223 180 |
| Дебар | 071 223 768 |
| Делчево | 071 283 948 |
| Демир Хисар | 075 766 695 |
| Кавадарци | 075 659 855 |
| Кичево | 071 224 652 |
| Кочани | 071 221 580 |
| Кратово | |
| Крива Паланка | 071 224 580 |
| Крушево | 071 227 808 |
| Куманово | 071 227 962 |

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Неготино | 071 223 191 |
| Охрид | 071 221 908 |
| Прилеп | 076 232 886 |
| Пробиштип | 078 330 434 |
| Радовиш | 070 261 310 |
| Ресен | 071 221 246 |
| Свети Николе | 071 227 862 |
| Струга | 071 223 015 |
| Струмица | 071 224 526 |
| Тетово | 071 227 893 |
| Велес | |
| Штип | 071 221 484; 070 821 089 |
| Карпош | 071221381 |
| Центар | 078 442 006 |
| Кисела Вода | 071 224 104 |
| Гази Баба | 071 213 798 |
| Чаир | |

ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА **БЕСПЛАТНА**
**ПРАВНА ПОМОШ**

**www.pravnapomos.mk**

Фотографии: freepik.com – © Сите права се задржани 2021

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа.
Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на ниту една од двете страни.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Република Северна Македонија
Министерство за правда